**оригинален научен труд**
**УДК:159.922:177.61**

# МАЈЧИНСТВОТО КАКО ПАРАДИГМА ЗА БЕЗГРАНИЧНА ЉУБОВ

**Јасмина Мојсиева-Гушева**
*Институт за македонска литература, Скопје, Македонија*

**Keywords:** motherhood, unconditional love, mother instinct, mother's pain, mother's sacrifice

**Summary:** This article deals with a specific form of love, namely motherhood, defined as pure, unconditional, instinctive, painful and self-sacrificing. The cultural studies view advances from ancient mythology, prehistoric cave art, Neolithic figurines, onto medieval images, elongated gothic representations, and proportional Renaissance images, all the way to contemporary emancipatory forms, found in the modern literary, art and psychological interpretations of motherhood.

**Клучни зборови**: мајчинство, безусловна љубов, мајчински инстинкт, мајчинска болка, мајчинска жртва

**Резиме**: Трудот се занимава со специфичната форма на љубов како што е мајчинството, кое е дефинирано како чисто, безусловно, инстинктивно, болно и саможртвувачко. Културолошкиот поглед кон него се движи од древната митологија, пештерското сликарство, неолитските фигурини; преку сплоснатите средновековни слики, издолжените готски скулптури, складните ренесансни претстави; сè до современите еманципаторски форми, кои ги среќаваме во новите книжевни, уметнички и психолошки толкувања за мајчинството.

„Мајката ја создала љубовта на Земјата.“
Харанкурт

Можноста за евентуално мајчинство, како што забележува Жак Лакан во статијата „Enkore“ е запишана во биолошката судбина на жената преку нејзините секундарни полови карактеристики. Физиологија на жената се карактеризира со исполување на неразделното единство на сексуалниот и на мајчинскиот порив од кои произлегуваат и нејзините функции. Во зависност од историската епоха и двете функции, кои се поврзани со љубовта, биле посебно нагласувани и вреднувани. Првичните информации по ова прашање доаѓаат од

пештерските слики во јужна Франција[1] и северна Шпанија (од статуите од предисториското време кои го прикажуваат женското тело со големи гради и несразмерно широки колкови, високо истакнати стомаци и јасни знаци на полните делови), во кои, очигледно, се истакнуваат не само сексуалните туку и мајчинските способности на жената. Исто така, и долноавстриската Ева е прикажана како дебела жена со големи млечни жлезди и особено испакнат стомак, полни колкови и бутови, но веќе не со таква изразена стеотопигија. Целата фигура покажува дека нејзиниот вајар се трудел да ги истакне само оние делови што им служат на плодноста, додека сето останато го занемарил. Симболичките релации на фигурините и божествата, кои се јавувале како нивен продукт во неолитските ископини од Говрлево и во Курбиново (Македонија), ја претставуваат божицата-мајка во повеќе варијанти: во состојба на гравидност, во актот на раѓањето, како родилка во својот фитоморфен идеограм во вид на буквата „Ж". Во митските претстави, идентификацијата на сликата на билката или дрвото и жената-родилка, како што нагласува Касирер (Kasirer, 1985:182), е очигледна. Во религијата на примитивните народи, божицата-мајка се замислувала како „жива целина на сета природа" (Мењ, 1999:52). Нејзиниот симбол е океанот, откаде што потекнува и мислењето дека светот настанал од вода. Таа е родилка на сиот универзум, на боговите и на луѓето.

Во средниот век, Ева е, исто така, широка и спласната, бидејќи уште е под влијание на римскиот идеал на убавината. Во времето на готиката, таа станува претерано витка, со вампирски страшни очи и театрални движења. Во Ренесансата, жената набрекнува од сопствената сила, што се огледа во нејзината иконографија со високо подигнати цврсти гради и складно градено торзо, премногу рафинирано за да може да ја извршува својата мајчинска мисија.

Со еманципацијата на жената, во современото општество, еротизмот го има приматот пред мајчинската функција. Ваквиот однос произлегува од повеќе фактори: од зголемената желба за уживање, од рушењето на бариерите создадени со воспитувањето, од смалувањето на моралните норми, како и зголемените сексуални желби поради експанзијата на порнографската култура. Засилениот посесивен нагон на современиот човек, исто така, е една од причините. Токму желбата за поседување на саканото суштество е она што секоја сексуална љубов ја разликува од чистата човечка љубов која го сака суштеството

[1] Француските научници, сеќавајќи се на Венера Милоска - вредниот експонат од Лувр со ефемистичка иронија, на сите слични статуетки им го дале името Венус.

одделено од својот објект. Таков модел на љубов нудат единствено родителите коишто овозможуваат постоење на слободно суштество кое ќе гради одделен живот од нив. Љубовта на родителите кон своите деца е безусловна, без настојување да владеат со нив или да ги апсорбираат. Таа љубов подразбира и жртвување на родителите за своите деца, која современиот родител сѐ помалку е способен да ја даде. Сепак родителството постои отсекогаш и за вечни времиња, затоа што е инстинктивно. Тоа потекнува од желбата за бесмртност и грижата да се продолжи да се живее и опстане. Опиеноста со континуитетот ја совладува мислата и стравот од смртта. Во тоа се гледа длабоката смисла и на еротизмот, како што објаснува Батај, но и на родителството, би додале ние. Љубовниот немир нѐ исполнува со доминантни чувства, пред кои мислата за смртта паѓа во заборав. Потоа, независно од опиеноста, дадена ни е моќ смртта да ја погледнеме в очи, да го препознаеме во неа несфатливото и со помош на љубовта да го оствариме континуитетот. Тајната на смртта единствено љубовта ја открива. Родителската љубов го продолжува патот кон смртта, додека смртта го отвора патот кон одрекнувањето на индивидуалното траење. Во тој интеракциски однос, родителскиот инстинкт се надоврзува на идејата за континуитет, која успешно срочена ја среќаваме и во стиховите на Артур Рембо: „Ја најдовме повторно./Кого?/Па вечноста загубена./Тоа се морињата што се раздвижуваат од огнот сончев“ (Bataj,1972:21).

„Поезијата, која се обидуваме да ја толкуваме, нѐ води до истата точка како и еротизмот“- истакнува Батај - „кон единството или меѓусебното продирање на посебните предмети. Таа нѐ води кон смртта и преку смртта, кон континуитетот и вечноста“ (Bataj,1972:21). Немирот и задоволството во повторното препрочитување на стиховите, според констатацијата на Барт (Bart, 1975:36), го раѓа истото задоволство какво што го дава љубовта. Заедничката цел и на пишувањето и на разните типови љубов е избавувањето од заборавот и продолжувањето на континуитетот. Во одржувањето на видот, како што тврди Шопенхауер (Evola, 1990:24), се состои суштинската цел на љубовта. Ова посебно се однесува на мајчинската љубов, токму затоа што таа е и најприродната и најблагородната.

Како и сите универзални феномени, така и мајчинството може да се толкува амбивалентно. Тоа зависи од културната средина во која се воспоставуваат различни релации и односи подложни на видоизменување. Развојот во еден технолошки, институционален систем се

јавува како основа за сопствени симболички вредности[2]. Во денешната култура, која го содржи предзнакот на машкост, целата симболизација се поставува во тој контекст (Tomić, 2001). Мајчинството, кое по самата природа на нештата е благотворна работа, се надополнува со негативни аспекти. Ваквото толкување најверојатно произлегува од воспоставувањето на новата идеологија во која доминираат машки богови кои потекнуваат од „неолитската револуција“. Старите сменети божици, новата духовна власт на патријархатот ќе ги претвори во демони придодавајќи им негативни атрибути. Со тоа се активира сфаќањето за грешноста на жената и се развива агресивност во однос на мајката, што веќе има своја традиција, во придодавањето фантазмагорични, чудовишни и прогонителски улоги на божицата мајка. Ваква улога има митската претстава за Лилит (Брил, 1993:174) или темната мајка, која се доведува во врска со разочараноста во мајчинството и поседувањето на атрибутите: грабателка и јадачка на децата. Посочениот однос на биполарна еквиваленција меѓу мајката и демонот ѝ служи само на машката инстанца.

Женското присуство во машкиот (културен) универзум низ вековите секогаш е осудувано. Излегувањето од кругот на фамилијата и денес ја легитимира жената како „монструм“, бидејќи се сфаќа како закана на постоечкиот машки симболички поредок. Светот на симболизацијата, кој го создава мажот, го постулира архетипот на мајката наспроти архетипот на блудницата, тргнувајќи од христијанскиот женски стереотип што ја претставува жената во двоен модалитет како Ева (лоша) и Марија (добра) жена. Некои толкувачи, како на пример контроверзниот Вајнингер, одат дотаму што сметаат дека мајчинската љубов е неморална, затоа што „не се темели на уважување на другиот, на неговата индивидуалност, туку претставува потреба да се срасне со објектот на љубовта, кој дури не е ни избран по сопствена желба“ (Vajninger,1986:304). Се разбира, ваквите екстремни ставови се негирани од некои научници, на пример Бахофен, кои сметаат дека љубовта на мајката кон својот пород е најчиста и најблагородна, бидејќи е безгранична, безусловна и инстинктивна.

[2] Улогата на полноста како и нивното влијание врз структуирањето на светот на културата добива фундаментално значење уште во првите митски претстави за човековиот искон и неговото потекло.

## Безусловна љубов

> „За секоја љубов човек мора да се бори и да ја заслужи. Само мајчинската љубов се добива без борба и без заслуги.“
>
> Ауербах

Љубовта на мајката кон својот пород е инстинктивна и силна. Таа го прифаќа своето дете онакво какво што е, со сите мани и слабости. Никогаш не му го свртува грбот, ниту пак му го зема за зло недоличното однесување. Во нејзината наклонетост кон сопствената рожба не играат никаква улога објективните надворешни проценки. Токму затоа, разбирливо е тврдењето дека љубовта на Јудината мајка не е помала од љубовта на Марија за Исус. И едната и другата страдаат заради делата на своите деца, обременети од нераскинливата врска, која постои меѓу нив.

Мајката и детето се чувствуваат како една целина. Во двојниот однос на соединувањето на детето со мајката, секогаш е нагласувана положбата на детето. Но, тој однос нужно подразбира дека и другиот член - мајката, треба да се зема предвид, иако, таа секогаш е готова да ги подреди своите интереси на детето. Тоа е премногу важно за неа (како што се нагласува во психоаналитичките истражувања) бидејќи таквиот однос се вклопува во најинстинктивната форма на нејзиното постоење како жена. Таа меѓусебна симбиоза е нераскинлива, а нивниот однос е неделив. Токму тука се наоѓаат корените на безусловната мајчинска љубов. Таа е поразлична од секој друг тип љубов, кој мора да се заслужи.

Единствено мајчинската љубов е трајна и непроменлива. Мајката е заштитничка на својот пород и во таа своја функција таа е непоколеблива без какво и да е влијание однадвор. Мислењето на околината не влијае врз нејзината љубов, дури ни кога самата е свесна за неговата објективност. Таа секогаш е на страната на своите деца покажувајќи неизмерна благост и наклонетост кон нив. Еднакво силна е љубовта на мајката од романот на Перл Бак (Bak,1965:207) кон своите два различни сина. Со иста благост таа се однесува кон постариот син, кој го одбира општествено прифатливиот патријархален живот, како и кон помладиот, кој, незадоволен од сиромаштијата во која живее, својот живот го положува на комунистичката идеологија. За средината од која потекнува и за неуката мајка ваквата определба е рамна на разбојнички чин. Сепак, таа и натаму ќе го заштитува својот одметнат син, ќе постапува со него благо и нежно, обвинувајќи се себеси за неговата несреќна судбина, која ѝ причинува најголема болка во староста.

Дури и во староста таа врска меѓу детето и мајката е нераскинлива. Оттаму е потребата и тежнеењето за нивно спојување во случај на насилно разделување. Таа потреба ја среќаваме кај целото семејство, но со најголем интензитет ја чувствува мајката. Таа е иницијатор за спојување на семејството како во расказот „Мајка Мендука“ на Луан Старова (Старова,1995:124). Единствена желба, која ја одржуваше во живот намачената старица на која ѝ беше конфискуван сиот имот од сталинистичкиот режим, ѝ беше да ги види својата ќерка и внуците од другата страна на границата. Таа ги поднесуваше сите репресии на режимот храбро употребувајќи ги сите средства за да ја оствари својата исконска потреба.

Некое внатрешно чувство ја прави мајката способна за највозвишена великодушност и самопожртвуваност. Како инаку да се објасни откажувањето од себеси, на мајката која е готова да го даде својот живот за сопствените деца. Кај мајката нема дилеми, нема ниту криза во нејзиниот хероизам, нема ни двоумење во секој аспект на нејзината посветеност. Таа, само на нејзин, својствен начин, секогаш е подготвена, без разлика дали детето е добро или лошо, да се жртвува, никогаш не сметајќи дека нејзината жртва е бескорисна и безвредна. Тоа не е разголен, налудничав хероизам, кој не служи ниту за натрупување пари, кои се главна општествена вредност; ниту за стекнување на каква било привилегија која денеска го обележува севкупниот начин на живеење. Мајчинската жртва е безусловна и таа останува константа низ целиот познат историски тек како витална вистина. Мајката е таква затоа што чувствува и верува дека она што го прави за своите деца е природно и правилно.

### Мајчински инстинкт

„Од сите љубови што ги познавам, мајчинската љубов е најголема“

Лафонтен

Мајчинството претпоставува постоење на инстинктивна грижа за својот пород. Ниедна мајка не може да го дозволи ниту пак мирно да го гледа уништувањето на својата рожба. Парадигматична ситуација за ова тврдење е познатата Соломонова пресуда. Кавгата меѓу двете жени за единственото преживеано новороденче, мудриот крал ја решава со заповедта: „Расечете го живото дете на две и дајте ѝ ја едната половина на едната жена, а останатата на другата жена“ (Biblija,1983:273). Кога ја слушнала пресудата, вистинската мајка се откажала молејќи да не го убиваат детето. Тоа било знак дека таа е вистинската мајка.

Мајчинскиот инстинкт не ѝ дозволил да му наштети на детето. За неа единствено важен бил животот на своето дете.

Но, постојат и мислења дека ваквиот инстинкт не постои, кои, пак, се потпираат врз фактите за применувањето на абортусите. Ним им претходел обичајот применуван од богатите класи во 17 и 18 век, да се даваат новороденчињата на доилки што, во суштина, е маскирано напуштање на децата. Така, во романите се формираат ликовите на доилки, кои ги заменуваат вистинските мајки и често се многу поблиски со своите штитеници покажувајќи повеќе разбирање за нивните проблеми отколку вистинските мајки. Такви се ликовите на понекогаш безимените доилки, на пример на Шекспировата Јулија, на познатата дадилка Арина Родионовна, која е драг спомен од Пушкиновото детство. Во истиот контекст е и коментарот на Андреј Бели кога некогаш како четиригодишно дете останал без дадилка: „Без никаква заштита сум, ми ја нема дадилката, тука се родителите, но тие ме раскинуваат на пола, преполн сум со страв и страдање“ (Еткинд, 1999:104). Дадилките секогаш се избираат со големо внимание. Нужно е да бидат здрави и душевно и телесно, како што објаснува Жан Жак Русо (Русо, 1950:37), зашто тие, покрај своето млеко, треба да му даваат на доенчето и нега, која бара трпение, благост и чистота. Навистина, културните обичаи можат да доведат до отстапување од инстинктивното однесување. Сепак, неоспорно е дека мајчинскиот инстинкт постои. Експериментите што ги вршела хуманата етологија врз младите мајки, кои секогаш го препознавале своето дете без разлика колку и да биле оневозможувани, говорат во прилог на инстинктивното однесување. Мајката го препознава своето дете кога е тоа измешано со многу други деца намерно преоблечено за да предизвика забуна. Во ситуациите на препознавање на сопствените деца лежи разврската на многу книжевни дела.

Исто така, неоспорен и признат е фактот за постоење на сублимацијата на мајчинскиот нагон кај бездетни жени, кој влијае врз изборот на определени професии. Тие најчесто се среќаваат во улога на учителки, негувателки, болничарки, педијатри. Гувернантите во книжевните романи обично се млади девојки или пак бездетни стари моми. Гувернантата Џејн Ејр од истоимениот роман на Шарлота Бронте (Бронте, 1967) и нејзината приврзаност кон својата штитеничка Адела Воренс е вистински пример за сублимирано мајчинско чувство. За разлика од неа, гувернантата од романот на Хенри Џејмс (Džejms, 1963) „Свртувањето на завртката“ во кој, заради постоењето на повеќе гледни точки, не е јасно дали таа поседува потиснат сексуален инстинкт кон својот ученик, дали Мајлс е невротичен случај или пак

духовите Питер Квинт и госпоѓицата Џесел имаат хомосексуални намери кон децата Флора и Мајлс. Во секој случај, кај Џејмсовата учителка се среќаваме со искривоколчено мајчинско чувство.

Во прилог на постоењето на мајчинскиот инстинкт е и играњето со кукли, познато уште од предисториските времиња, со тоа што играта се смета за обучување на идните мајки. Ова само по себе говори дека овој инстинкт не е само вроден, туку се негува и преку социолошките воспитно-образовни форми.

Тешко е да се оддели мајчинската функција и она што е биолошко, од инстинктот. Обидувајќи се да направат дистинкција меѓу овие две нешта етолозите дошле до заклучок дека појавата на инстинктот во почетокот на мајчинството е докажно. По тој период, тој зависи од социокултурниот процес и од местото што го имаат мајката и детето во општеството. Исто така, постојат и девијации на мајчинскиот инстинкт. Постојат студени мајки, кои не чувствуваат никаков мајчински инстинкт. Од ваквите личности и од нивните постапки обично се згрозуваме. Достоевски во својот дневник наведува еден таков драстичен пример на злоставување на сопствените деца, за кој бил воден и судски спор познат како процесот на Џунковски. Осомничените се оправдуваат и се ослободуваат, што само по себе говори на неправедноста на правдата. Таа е само ордаз на болното руско општество, кое ја оправдува мрзеливоста и егоизмот на родителите. Луѓето што го искалуваат својот бес врз децата се само егоисти, без срце, кои ги зафатила апатијата и мрзеливост. Главниот судија убаво го елаборира тоа во својот завршен говор, во кој, како да говори од името на целото општество: „Не сакам и не смеам да речам дека сте родители без срце. Да ги мразиш своите деца – тоа е речиси неприродна работа и затоа е невозможна. Да ги мразиш толку малите деца – тоа е бесмислена и дури смешна работа. Но, мрзеливоста и себичноста е виновна за одвикатa од вршењето на првичната природна и највисока граѓанска обврска каква е воспитувањето на децата што навистина може да роди дури и нељубов кон нив, речиси омраза, дури и чувство на некаква лична одмазда кон нив, особено со текот на нивното растење и на порастот на нивните природни барања“ (Достоевски, 1998:113). Сето она што се обидуваат да го постигнат со ќотек мрзеливите и нетрпеливи родители, вистинските родители го постигнуваат со љубов, со разјаснување, со сугестија, со трпение, со пример. Малтретирањето на децата, заклучува овој судија, потекнува само од егоизмот на родителите.

Од митовите и старогрчките трагедии познати се оние мајки-чудовишта, кои, во сопствениот бес, ги прогонуваат своите деца, ги

мачат или извршуваат самоубиство заедно со нив. Такви мајки се Еврипидовата Агава, која во бахановото дивеење заедно со другите жени го растргнува сопствениот син Пантеј, или Медеја, во која љубовта минува во осветувачко беснило што е вперено кон најдлабокиот мајчински инстинкт. Ваквото дивеење во „Бахке“ се потпира врз религискиот фанатизам на празноверието и неговите страшни последици, додека во „Медеја“ страста е победник над разумот. Во овие трагедии никаде не се негира мајчинскиот инстинкт, туку се истакнува човековата слабост пред необичната страст. Овие две мајки, како што истакнува Милош Ѓуриќ (Ђурић, 1951:327), не се морално лоши, туку слаби и страсни. Агаве е обземена од религиозната страст, додека Медеја ѝ се препушта на љубомората и на осветата. Нивната духовна слабост е причина за запоставувањето на мајчинството и сторените гревови.

Ваквите последни примери се само девијации од вистинската мајчинска љубов. Ако навистина постои некој инстинкт кај човекот или животните, тоа е љубовта на родителите кон својот пород. Овој инстинкт, Монтеј (Монтеј,1953:17), во своите „Огледи за воспитувањето“ го определува како втор по значење, веднаш по инстинктот за самоодржување и за избегнување на неволјите. Своето тврдење тој го поткрепува со фактот дека тоа е природен закон што го потпомага развитокот и напредокот на низа генерации.

**Мајчинската болка**

„Човечката душа самата себеси се навредува ако дозволи да ја совлада болката.“

Марко Аурелиј

Загубата на сопственото дете е најдлабока мајчинска болка. Болката и тагата кај мајката многукратно се зголемуваат ако несреќата на детето заради незнаење или по случајност е предизвикана од мајката. Во грчката митологија е опишана големата болка на Аедона, која, по грешка го убива својот син-единец, наместо најстариот син на својата соперничка Ниоба, на која ѝ завидувала заради многудетноста. Нејзината неизмерна болка ќе предизвика сожалување кај боговите кои ќе ја претворат Аедона (Срејовић,1979:9) во славеј, кој го оплакува синот-единец со тажна песна секоја пролет.

Една од најтешките проклетства и казни за мајките, која ја изречуваат боговите, е погубувањето на нивните деца. Ваквата казна ја снаоѓа Ниоба (Срејовић,1979:290), жената што се фалела дека родила повеќе деца од божицата Лета. Заради оваа своја дрскост била казнета од Аполон и Артемида, кои ги погубиле нејзините 12 деца. Ниту

молбата да ѝ остават барем едно дете, не била услишана. Додека стоела осамена меѓу труповите на своите деца, страшната болка ја скаменува несреќната мајка. Силниот ветер ја пренесува скаменетата Ниоба во нејзиниот роден крај на ридот Сипил.

Мајките што ги губат своите деца избезумени се од силна болка и гнев. Својата болка тие некогаш ја смируваат и канализираат со пројавување сочувство и разбирање за болките на другите мајки, не правејќи разлика дали се тоа мајки на непријателските војници; бидејќи за нив не постојат непријатели, постојат само ожалостени мајки. За Мурадбеговиќевата Фатима од драмата „Мајка“, „солзите на германските мајки се исто така солени како и нејзините, и тие сега некаде плачат за своите убиени синови како и таа“ (Muradbegović, 1944:51-52). Ликот на мајката од оваа антивоена драма не признава никакви национални ниту патриотски идеали. За неа војната е погубна, ја водат нечесни луѓе и секогаш во прашање се туѓи интереси. Херојството е лага, а јунаштвото „крваво разбеснето оро“. И покрај своите упорни настојувања да ги заштити својот сопруг и син од војната стихија, на крајот од драмата, сепак останува без нив во длабока болка.

Исто толку колку што е голема болката на мајката по изгубеното чедо, голема е и тагата на децата по мајката. Светот на децата, кои ја губат својата мајка е обвиткан со превезот на најдлабоката тага. Доколку тие самите се причина за смртта на мајката, како во народната песна „Мајчиното срце“, болката е неизмерна. Најостра болка очигледно е каењето за сторениот грев. За него не може да биде оправдување ниту наивноста на синот. Според Кјеркегор (Kjerkegor, 1984:101), колку што е наивноста поголема, толку е и тагата подлабока. Тагата што го обзема јунакот го има следниот редослед. Настапува со желби и напори за враќање на изгубеното. Минува преку апатија и дезорганизираност, а завршува со тенденции на суицидност, кои се јавуваат како израз на немоќ да се реши проблемот. Јунакот го завршува својот живот со зборовите: „Кога ја нема мојата мила мајка,/Нека ме нема ни мене јунакот! “ (Продановић, 1925:157).

Болката на синот овде е толку длабока, особено кога ќе сфати што сторил. Мајкоубиството е проклетство кое во старите трагедии ги доведува јунаците до изгубеност. Ваквиот грев е еден од најтешките поради нераскинливата врска што постои меѓу мајката и нејзиниот пород и не може да избледнее или да се избрише со текот на времето.

Врската меѓу мајката и детето не мора секогаш да биде раскината поради смрт. Постојат, исто така, и други форми, кои им нанесуваат заемно страдање на родителите и децата. Болката на мајката, поради

разделеноста од својот пород, исто така е голема. Тоа е она што најмногу ја погодува Ана Карењина, која со закон е лишена на правото да се гледа со својот син. Губењето на врската со синот, таа потешко го преживува отколку горчливото разочарување во Вронски. Губењето на врската со синот ја наведува да мисли дека ги изгубила сите врски со животот. „Јас ја сакам љубовта, а неа ја нема – мисли Ана. Значи сé е свршено“...„Зошто не ја згаснам свеќата кога нема зошто повеќе да гледам“ (Толстој, 1971:138). Ана сама ја затемнува свеќата на својот живот фрлајќи се под воз. Така ги прекратува сложените противречни душевни доживувања, кои упатуваат на трагичниот расцеп во нејзината душа. Нејзините страдања и болка, својствени за секоја жена и мајка која е разделена од својот пород, не се ништо помали отколку на мајките, кои ги губат своите деца.

Раскинувањето на невидливата врска што ги сплотува мајките и децата секогаш е поврзано со болка. Колку што е таа врска поблагородна и поквалитативна, толку е и болката поголема, затоа што губењето на нешто убаво што носи задоволство, исто како и креирањето на нешто вредно, секогаш е поврзано со болката. Овие два глагола *губење* и *креирање*, околу кои се врти животот, кои господарат со светот, секогаш се поврзани со болката. Човекот и сиот негов живот е создаден за болка. Нејзиното избегнување е неизбежно иако не постои никаква поважна работа за мајката од тоа да ја надмине болката создавајќи услови за зачувување на тајната врска што постои меѓу неа и нејзината рожба.

**Мајчинската жртва**

„Во своите постапки во животот научи се да правиш тајни жртви.“

Масимо Д’аselјо

Мајката и мајчинството, гледано симболично, има возвишено место, затоа што треба да ја одигра улогата на самосвесна света жртва. На олтарот на детето, која единствено таа го разбира, треба да се принесе себеси како жртва. Жртвувањето на мајката, која не само што му дава живот на своето дете, туку и му го спасува животот во многубројни трагични ситуации, е претставено во многу уметнички и книжевни творби. Силата што ја тера мајката, од една арапска народна приказна (Арапски приказни, 1964), да го жртвува сопствениот живот потонувајќи во брановите за да го спаси своето дете е карактеристична само за возвишените карактери. Нејзината саможртва, неразбирлива за другите, единствено може да се протолкува преку синтагмата „мајчинска љубов“. Мајчинското предавање на себеси ја издигнува до

степен на света маченица достојна за почит. Таква е Цанкаровата мајка, која напорно работи за да го школува својот син и да го избави од сиромаштијата, како и мајката на македонскиот преродбеник Григор Прличев (Прличев, 1995:40). Ваквиот однос се јавува како последица на безграничната мајчинска љубов, која преминува во посветеност на своите деца. Слична судбина избира и мајката Мета од расказот на Воранц „Самоникнати“. Таа ја жртвува сета среќа не сакајќи да се одрече од она, како што самата вели „што е мое“ - од својот љубен и од своите деца. И покрај големите неправди, кои ѝ биле нанесувани, таа никогаш не се жалела на маченичкиот живот. Секогаш умеела со гордост да ја носи тежината и да ги кали децата со зборовите: „Погледнете ги моите раце кои од огнот, измачувањата и работата така испукале што не се способни за нежни милувања, моето срце толку пресушило што не чувствува никакви други желби освен љубовта кон вас, кон својата крв“ (Voranc,1964:37). Единствено таа љубов ѝ давала сила да продолжи по врвиците на горката животна судбина на мајка-жртва.

Во митот за посветената мајка, во песните што ја воспеваат мајчината љубов, гледаме една сурова конзервативна лицемерна идеологија, која ја отсликува состојбата на жената-мајка низ вековите, но и во денешното општество, бидејќи сè уште мајката е таа која го совладува сиот товар во подигањето на децата. Нејзината поставеност во општеството иронично се прикрива зад митот за мајката-жртва граден од машките погледи на нештата. Хуфеланд во „Дневникот на еден неженет“ ќе ја застапува тезата дека целта на жената не е да живее за себе, туку за другите. Таа треба да биде жртва за својата фамилија и во нивната среќа треба да ја пронајде сопствената среќа, бидејќи само така може да ја изрази љубовта, која е нагонска карактеристика на нејзиното женско битие. Токму заради тоа толку е нагласувана таа безгранична љубов, што звучи многу саркастично во идеологиите како што е фашизмот, кој, во своите прогласи, ја слави *Мајката* и фамилијата како свои најголеми божества.

Но, исто така, не треба да се заборават и природните предиспозиции на жената и на мајката, за жртвување, инстинктот, кој ја води мајката да ги заштитува своите деца. Дури се споменува и огромното задоволство и уживање што го чувствуваат тие грижејќи се за својот пород. Тие можат да се одречат од сите свои интереси ако е потребно тоа, за одгледувањето на детето. Но, во сето тоа, не треба да се претерува, бидејќи секое човечко битие, покрај љубовта и алтруизмот во себе, го носи и самољубието.

**Литература:**

*Арапске народне бајке*. 1964. Мајка. Народна књига. Београд.
Bak, Perl. 1965. *Mati*. Rad - Matica Srpska.Beograd.
Bart, Rolan. 1975. *Zadovoljstvo u tekstu*. Gradina. Niš.
Bataj, Žorž. 1972. *Erotizam, suze erosove*. Vuk Karađić. Beograd.
*Biblija*. 1983. Krščanska Sadašnjost. Zagreb.
Брил, Жак. 1993. *Лилит или Мрачна мајка*. Издавачка књижарница Зорана Стојановића, Сремски Карловци, Нови Сад.
Бронте, Шарлота. 1967. *Џејн Ејр*. Народна књига. Београд.
Vajninger, Oto. 1986. *Pol i karakter*. Književne novine. Beograd.
Voranc, Prežihov.1964. *Samonikli*. Rad. Beograd
Достоевски, Фјодор, Михајловиќ. 1998. *Двевникот на писателот*. Табернакул. Скопје.
Ђурић, Милош. 1951. *Историја хеленске књижевности*. Научна књига. Београд.
Evola, Julius. 1990. *Metafizika seksa*. Alef. Gradac.
Еткинд, Александар. 1999. *Ерос немогућег*. Zepter Book World. Београд.
Kasirer, Ernst. 1985. *Filolzofija simboličkih oblika*. Vtor del. Mitsko mišljenje. Novi Sad.
Мењ, Александар. 1999. *Извори религије*. Zepter Book World, Београд.
Монтеј, Мишел. 1953. *Огледи о васпитању*. Педагошко друштво Србије. Београд.
Muradbegović, Ahmed. 1944. Moja drama "Majka". 4/ 4. *Hrvatska pozornica*. Zagreb.
Прличев, Григор. 1995. *Автобиографија*. Детска радост. Скопје.
Продановић, Јаша. 1925. *Женске песме*. Београд.
Русо, Жан, Жак. 1950. *Емил или о васпитању*. Знање. Београд.
Срејовић Драгослав, Цермановић Александрина. 1979. *Речник грчке и римска митологије*. Српска књижевна задруга. Београд.
Старова Луан. 1995. *Балкански клуч*. Мисла. Скопје.
Толстој, Лав Николаевиќ. 1971. *Ана Каренина*. Македонска книга. Скопје.
Tomić, Zorica. 2001. *Muški svet*. Zepter Book World. Beograd.
Džejms, Henri, 1963. *Okretaj zavrtnje*. Rad. Beograd.